Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 17.04.2021

На 17.04.2021 во 00,20 во Гостивар на ул."Борче Јовановски" полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ф.З.(28) и Б.Х.(21) двајцата од Гостивар кои ја прекршиле забраната за движење и кај кои била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Р.Х.Р.(30) од с.Лисичани, општина Пласница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.12.2020 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцекларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против А.В.(18) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 24.06.2019 во место викано „Драчевик", полициски службеници одзеле канабис.

На 16.04.2021 во 04,29 часот било пријавено дека во с.Жван се случила сообраќајна незгода помеѓу комбе "там" со битолски регистарски ознаки управувано од Ф.Ш. од с.Вирово и автобус "мерцедес" со битолски регистарски ознаки управувано од М.К.(56) од с.Сопотница. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото С.Ш.(81) од с.Вирово, а со телесни повреди се здобил возачот и уште еден сопатник од истото возило Б.Н.(72) од с.Вирово констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Демир Хисар.

На 16.04.2021 во 10,55 часот во Полициската станица Аеродром М.К.(47) од Скопје, пријавила дека на бул."АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 17.04.2021 год.околу 11 часот на бул Партизански одреди во Скопје е приведен Ф.Д. (31) од Скопје, кратко време откако претходно било пријавено дека на бул. Партизански одреди во Скопје украл паричник од Д.Т. Парите се пронајдени и ќе и бидат вратени на оштетената, а против Д.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава .

На 16.04.2021 бил приведен К.Т. (52) од делчевско село откако истиот ден во 12,30 часот било пријавено дека на 14.04.2021 околу 13,00 часот извршил обљуба врз 28 годишна девојка. По расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава

На 16.04.2021 во 13,00 часот во Полициска станица Центар од Комплекс клиники „Мајка Тереза", било пријавено дека кај нив бил примен Д.К.(38) од Струга, по чие што кажување додека бил во парк во Тетово, заедно со неговата поранешна сопруга (25-годишна жена), таа му дала кафе во кое што, според пријавеното, биле ставени наркотични средства. Жената била повикана во Полициска станица Тетово при што ги негирала тврдењата на пријавителот и изјавила дека имале средба со Д.К. за да го види своето дете но воопшто не пиеле кафе. Додека траела средбата, според нејзино кажување, на Д.К. му се слошило, а таа за настанот го известила и Центарот за социјални работи. Известен бил Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2021 во 15,40 часот било пријавено дека во Берово, во атар на с.Русиново настанал шумски пожар, при што гореле нискостебласта шума и сув папрат. Пожарот бил изгаснат.

На 16.04.2021 околу 14,15 часот пред градскиот стадион во Штип, полициски службенци од СВР Штип го лишиле од слобода Ш.А.(35) од с.Радање, општина Карбинци бидејќи физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени задачи. Известен е јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.04.2021 во 20,20 часот Ф.А.(32) од Гостивар пријавил дека истиот ден околу 17,00 часот во Гостивар бил физички нападнат со тврди предмети од К.Н. и уште двајца членови од неговото семејство, инаку роднини на пријавителот. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.04.2021 во 17,30 часот било пријавено дека во с.Трубарево-скопско бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Ф.Г.(34) и Е.А. двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.04.2021 во 14,18 часот во СВР Куманово, С.С. од с.Романовце-кумановско, пријавил дека во с.Романовце-кумановско, во дворно место на манастир „Св.Јован" пронашол рачна бомба. Од полициски службеници од СВР Куманово излезено било местото на настанот и извршен увид, по што од страна на пиротехничар истата била превземена за понатамошна постапка.

На 16.04.2021 во 17,50 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода П.Д.(23) од Битола бидејќи при обид за негово легитимирање истиот агресивно се однесувал и кај него бил пронајден нож. Известен е Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет